Број: 0302-258
19.09.2024 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за финансии, буџет
Сметководство / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, следејќи ја долгодишната практика, потребата и барањата за обука, потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините, со задоволство Ве известува дека на ден **08.10.2024 година, со почеток во 9.30 часот, во хотел „Белви“ – Скопје**, ќе се одржи работилница на тема:

**„ПРОЦЕС НА БУЏЕТИРАЊЕ ЗА 2025 ГОДИНА – МОЖНОСТИ И ПРЕДИЗВИЦИ“**

**Работилницата** претставува одлична можност заедно со обезбедените квалитетни експерти - практичари: проф. д-р Борче Треновски и дипл.екон. Бранислав Гулев за размена на знаења, долгогодишни искуства, добри практики, информации и насоки за правилно, навремено и точно подготвување и усвојување на буџетите во јавниот сектор, како основа за обезбедување стабилно работење во текот на претстојната 2025 година. Во текот на работилницата ќе бидат разработени следните теми и области:

- Општинските финансии и процесот на буџетирање – состојба, предизвици, добри практики
- Ефикасно управување со локалните финансии и прибирање на сопствените приходи
- Актуелни теми при подготовката на општинските буџети

Покрај овие генерални теми, на работилницата ќе се разработуваат голем спектар на актуелни теми од областа на процесот на буџетирање и финансискиот менаџмент во јавниот сектор.

Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на единиците на локалната самоуправа и другите институции од јавниот сектор, а на работилницата се добредојдени сите кои директно или индиректно се инволвирани во подготовката на општинските буџети, подготовката и анализата на финансиските извештаи, како и во областа на јавните набавки.

Надоместокот за учество на работилницата, работните материјали, кафе пауза и ручек по учесник изнесува само **6.500 денари со вклучен ДДВ**, кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Во функција на подготовка за работилницата, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети **Пријави** за учество на работилницата на e-mail: zfrlsjpv@gmail.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136, или наведените e-mail адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски